**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 06. 11. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5445 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 до 31 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
- **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во шестиот десетдневен период, од 22 до 31 октомври 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, централното издание на вестите во продукција на ТВ Сонце емитувано од 18 часот, опфати 10 изданија со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 1 час 42 минути и 45

секунди со што не беше достигнат релевантниот методолошки примерок од минимум 2 часа дневно-информативна програма за извлекување оценки за начинот на известување.

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

*„Гласот на народот"*

На 23, 24, 25 и 31 октомври 2016 година, се емитуваа реприза на изданието на емисијата *Гласот на народот*, во која гости беа: Љубиша Ѓорѓиевски, поранешен претседател на Собранието на РМ и амбасадор и Виолета Ташковска, професор и историчар. Темата беше: Историјата на Македонија од нејзината независност до денес, историјата како употреба или злоупотреба.

На 24 октомври 2016 година, се емитуваше реприза на изданието на емисијата *Гласот на народот*, во кое гостуваа аналитичарите Лумберто Паскали и Андреа Чинквергани. Тема беа американските претседателски избори, и прашањето што значат тие за Македонија, Италија и Европа.

*„Паричник"*

На 23 октомври 2016 година, со почеток во 14 часот и 18 минути, се емитуваше репризното издание на емисијата *Паричник*, реализирана во два дела со две посебни теми. Првиот дел, реализиран како интервју, во кое гостин беше Ристо Ајтов, претседател на синдикатот на одбраната и безбедноста, а се разговараше за состојбите во АРМ по усвојувањето од страна на Собранието на предлогот на Владата за продолжување на кризната ситуација на границите. Вториот дел, реализиран како дебатна емисија на тема: Маките на граѓаните со извршителите, во која гости беа: Ана Глигорова, здружение „НО Пасаран" и Маријан Ристевски, претседател на КСОМ.

На 28 октомври 2016 година, со почеток во 20 часот и 1 минута, се емитуваше премиерно издание на емисијата *Паричник*, во кое гостуваа: Љубомир Костовски, новинар и член на Привремената комисија за следење на медиумското претставување и Моника Талевска, новинар. Темата беше: Состојбите во медиумите по етаблирањето и инсталирањето на ад хок телото за мониторинг, работата на телото, извештаите од мониторингот, што како и колку се мониторира. Двете репризни изданија на емисијата беа на 30 октомври 2016 година.

*„Врел костен"*

На 29 октомври 2016 година, со почеток во 20 часот и 20 минути, се емитуваше премиерно издание на емисијата *Врел костен* во која гости беа претставниците од Коалицијата за промени и правда Емил Анастасов – ДЕМОС и Глигор Стојменов – ФРОДЕМ. Темата беше: Дали во Македонија е возможна мисијата да се формира трет политички блок.

*„Избор на народот"*

На 22 и 23 октомври 2016 година, се емитуваше реприза на емисијата *Избор на народот* во која гостин беше Стефан Богоев, претседател на унија на млади сили на СДСМ. Водителот потенцираше дека во емисијата како гостин бил поканет и Владимир Неловски, од унија на млади сили на ВМРО ДПМНЕ, кој поради обврски го откажал гостувањето. Темата беше: Решенија и проблеми на младите, младинската политика.

***Сектор за програмски работи***